РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
Бр. 02 -1663/2
18-10 2021 год.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 68, став 1, точка 42 од Статутот на Природно-математичкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 464/2019), Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет - Скопје, постапувајќи по предлог-одлуката на Деканатската управа при Факултетот, бр. 02-1663/1 од 16.09.2021 година, на барање на студентите, на седницата одржана со средства за електронска комуникација на 06.10.2021 год., донесе

## О Д Л У К А

1. Се ослободуваат од запишување на зимскиот семестар во учебната 2021/2022 година, студентите кои до 22.10.2021 година ќе одбранат дипломска работа.

2. Одлуката стапува на сила со донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 68, став 1, точка 42 од Статутот на Природно-математичкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 464/2019), заради ослободување од обврската за запишување зимски семестар, во учебната 2021/2022 година, доколку студентите одбранат дипломска работа до 22.10.2021 година, а на нивно барање, Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана со средства за електронска комуникација на 06.10.2021година, донесе одлука како во диспозитивот.

Д Е К А Н

Проф. д-р Александар Скепаровски

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Продекан за наставни и студентски прашања;
- Секретарот на Факултетот;
- Одделение за студентски прашања;
- ВЕБ страната на Факултетот и
- Раководителот на Одделението за општи и правни работи и библиотечно работење.

Изработил: Јадранка Стојчевска
Одобрил: Васка Маневска